РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св.Климент Охридски-Битола
Технолошко-технички факултет-Велес

Бр. 08-156/1
14-03- 2019 год.
Велес

МЕСНА ИНДУСТРИЈА И КЛАНИЦА ДОО
Бр. 0307-55
14.03. 2019 год.
Свети Николе

# МЕМОРАНДУМ ЗА МЕЃУСЕБНА СОРАБОТКА

Склучен на ден 14.03.2019 година помеѓу:

1.**Технолошко-технички факултет Велес**, со седиште на ул.„Димитар Влахов“ бб, 1400 Велес, претставуван од Деканот Вонр.проф.д-р Татјана Калевска и
2.**МИК ДОО Свети Николе**, со седиште на ул.„Индустриска“ бб, Свети Николе, претставувано од Гоце Трајчев.

1.Предмет на овој Меморандум е уредување на меѓусебната соработка помеѓу Технолошко-технички факултет Велес и МИК ДОО Свети Николе.

2.МИК ДОО Свети Николе согласно можностите за потребите на студентите на Технолошко-технички факултет Велес, ќе овозможи изведување на студентска пракса и изработка на завршни трудови и други видови соработка со меѓусебен договор.

3.Технолошко-технички факултет Велес, се обврзува студентската пракса, изработката на завршни трудови и другата меѓусебна соработка, навремено да ги договори и прецизира.

4.Технолошко-технички факултет Велес, се обврзува логото и името на МИК ДОО Свети Николе, да го објави на web страната и на промотивниот материјал на факултетот.

5.Овој Меморандум за меѓусебна соработка се склучува на неопределено време, со можност било која страна да го раскине со отказен рок од 30 дена.

6.Овој Меморандум за меѓусебна соработка е склучен во 4 (четири) истоветни примероци, од кои по 2 (два) за секоја страна.

**Технолошко-технички факултет Велес**
Декан
Вонр.проф.д-р Татјана Калевска

**МИК ДОО Свети Николе**
Управител
Гоце Трајчев